ЗАПИСНИК

Од одржаната 33-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 29.08. 2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присутни беа 7 членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Иванчо Котевски и Љупчо Петровски.

На 33-та седница на Советот на Општина Новаци беа отсутни 2 советници: Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – советник.

На седницата присуствуваа: Марина Кузмановска – директор на ЈОУДГ „Бамби“ с. Новаци, Вецко Стојчевски - директор на ООУ „Славко Лумбарковски“ – с. Новаци, Александар Стефановски - директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 32-ра седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување на Годишен извештај за работата на ЈОУДГ ,,Бамби,, Општина Новаци, за 2022/2023 година и донесување на Одлука;
3. Разгледување на Годишна програма за работата на ЈОУДГ ,,Бамби,, Општина Новаци, за 2023/2024 година и донесување на Одлука;
4. Разгледување на Годишен план за вработување на ЈОУДГ ,,Бамби,, Општина Новаци, за 2024 година и донесување на Одлука;
5. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ;
6. Разгледување на Барање од Црковен одбор на црквата „Рожденство на Пресвета Богородица“ во Бач;
7. Разгледување на Барање од Црковен одбор и МЗ Зовиќ;
8. Разгледување на Барање од МЗ Орехово;
9. Разгледување на Барање од МЗ Рапеш и Манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ во Рапеш;
10. Советнички прашања.

Пред гласање на Дневниот ред на 33-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска – Стојковска предложи, Дневниот ред да се надополни со 9 (девет) точки кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Годишен план за вработување на Општина Новаци за 2024г.;
2. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ„Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/2023 год.;
3. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ООУ„ Славко Лумбарковски “– Новаци за учебната 2023/2024 год.;
4. Разгледување и усвојување на Извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за период од 01.01.2023 до 30.06.2023г.;

5. Разгледување на Барање на жители од с.Новаци за санација на одводна цевка;
6. Разгледување на Изјава од Дијана Премчевска - Котевска, член на Управен одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци;
7. Разгледување на Изјава од Ангела Петровска, член на Управен одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци;
8. Разгледување и усвојување на Финансиска програма на ЗФК „Новаци 2005“- младинска школа за сезоната 2023/2024 год.;
9. Разгледување на Барање од Црковен одбор на црквата „Св. Петар и Павле“ од с. Горно Алгарци за градежен материјал - песок.

Претседателката на Советот, Славица Најдовска - Стојковска предложи прифаќање на измената и дополнувањето на Дневниот ред, така што првичниот Дневниот ред кој беше составен од 10 (десет) точки се дополнува со нови 9 (девет) точки и на тој начин Дневниот ред на 33-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени и дополнувања е составен од 19 точки, со тоа што точката бр. 10 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 19.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 33-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **7 гласа за**.

1 точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 32-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 32-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **7 гласа за.**

2 точка: Разгледување на Годишен извештај за работата на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2022/2023 година и донесување на Одлука;

Марина Кузмановска – директор на ЈОУДГ „Бамби“ с. Новаци пред советниците, детално го презентираше Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ ,,Бамби“ за минатата година, кој е од јавен карактер и е изготвен согласно тезите поставени од МТСП- сектор за заштита на децата.

По излагањето, советникот Велјановски постави прашање за тоа колкав е капацитетот на градинката и колку тој капацитет во моментот е исполнет. Директорката одговори дека капацитетот на градинката е 50 деца и во моментот во неа престојуваат 35 деца.

По разгледувањето на Извештајот, Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2022/2023 година.

3 точка: Разгледување на Годишна програма за работата на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2023/2024 година и донесување на Одлука;

И по однос на оваа точка Директорот на ЈОУДГ ,,Бамби“ пред советниците детално ја презентираше Годишната програма во која се опишани очекувањата, како и начините на реализација и пристапите кои ќе бидат користени за да се обезбеди квалитетно образование и воспитание на децата од предчколска воздраст.

Советот на Општина Новаци ја разгледа Годишната програма и со **7 гласа за** донесе Одлука за донесување на Годишна програма за работата на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2023/2024 година.

4 точка: Разгледување на Годишен план за вработување на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2024 година и донесување на Одлука;

Марина Кузмановска – директор на ЈОУДГ „Бамби“ с.Новаци им објасна на советниците од потребата за ново вработување во наредната 2024 год. и тоа на работно место административен службеник кој многу ќе придонесе во работењето на институцијата.

Советот на Општина Новаци го разгледа планот за вработување така што со **7 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2024 година.

5 точка: . Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ;

По однос на петтата точка советниците беа информирани дека Општина Новаци ќе учествува на Јавниот повик и ќе реализира Програма за работно ангажирање – Јавни работи за што се потребни финансиски средсва во висина од 52.800,00 денари.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средсва за учество на Јавниот повик и реализација на Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на РСМ.

6 точка: Разгледување на Барање од Црковен одбор на црквата „Рожденство на Пресвета Богородица“ во Бач;

Црковен одбор на црквата „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с.Бач, достави Барање до Општина Новаци со кое бара обезбедување на градежен материјал (70 вреќи цементи и 150 м² армирана мрежа)

Советот на Општина Новаци го разгледа барањето и со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал за храмот „Рожденство на Пресвета Богородица“ во с.Бач.

7 точка: Разгледување на Барање од Разгледување на Барање од Црковен одбор и МЗ Зовиќ;

Советот го разгледа Барање од ЦО и МЗ на с. Зовиќ за обезбедување на градежен материјал со кој ќе се дограде паднатиот ѕид на црквата „Св. Димитрија“ - Чебрен.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал за црквата „Св. Димитрија“ – Чебрен.

8 точка: Разгледување на Барање од МЗ Орехово;

По однос на оваа точка советниците добија информација дека жителите на село Орехово бараат Градоначалникот и Советот на Општина Новаци да им обезбеди чиста, питка вода за пиење за што е потребно да се обезбеди 1000 м црево, Ф63.

Советот на Општина Новаци гласаше со **6 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал за довод на чиста вода во с. Орехово.

9 точка: Разгледување на Барање од МЗ Рапеш и Манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ во Рапеш;

По однос на оваа точка советниците беа информирани дека во с. Рапеш е во тек изградба на манастир „Св. Петар и Павле“ поради што доставуваат барање до Советот на Општина Новаци за обезбедување на градежен материјал.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал за манастирот „Св. Петар и Павле“ во с. Рапеш.

10 точка: Разгледување и донесување на Годишен план за вработување на Општина Новаци за 2024г.;

По однос на оваа точка советниците го разгледаа Годишниот план за вработување на Општина Новаци за 2024г. во кој се планирани 8 нови вработувања и 2 пополнувања на работни места преку унапредување.

Советот на Општина Новаци со **5 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување на Општина Новаци за 2024г.

11 точка: Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ„Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/2023 год.;

Вецко Стојчевски-директор на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци зеде збор по однос на оваа точка и пред советниците во кратки црти го презентираше Годишниот извештај за работа изработен од страна на стручната служба и директорот на образовната институција во соработка со наставниците. Извештајот опфаќа резултати од реализацијата на воспитно-образовната дејност предвидена во Годишната програма за работа за 2023г.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ„Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/2023 год.;

12 точка: Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ООУ„ Славко Лумбарковски “– Новаци за учебната 2023/2024 год.;

Директорот Стојчевски им ја презентираше на советниците Годишна програма за работа за 2023/24 год. со која ги извести дека оваа година во ООУ „Славко Лумбарковски“ има 199 ученици од прво до деветто одделение, распоредени во 27 паралелки. Новина во оваа учебна година има во однос на наставните предмети, е тоа што во 6 одделение со новата концепција се укинуваат предметите Историја и Географија како самостојни предмети во замена со предметот„Историја и општество“ во кој се сублимирани двата предмети историја и географија.

Советот ја разгледа Годишната програма и со **7 гласа за донесе** Одлука за донесување на Годишна програма за работа на ООУ„Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2023/2024г.

13 точка: Разгледување и усвојување на Извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за период од 01.01.2023 до 30.06.2023г.;

Директорот на ЈПКД „Комунална Хигена“, Александар Стефановски пред советниците го презентираше Извештајот во кој се наведени резултатите од работењето на претпријатието во првата половина од тековната година. Од финансиска гледна точка во овој период претпријатието има позитивен финансиски резултат - добивка во износ од 55.585,00 денари.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2023г. до 30.06.2023г.

14 точка: Разгледување на Барање на жители од с.Новаци за санација на одводна цевка;

Жителите на Општина Новаци (Горна мала) имаат проблем со одводната атмосверска вода поради што се создава проблеми на приватниот имот на жителите во тој дел од село Новаци. Поради ова жителите поднесоа барање до Советот на Општина Новаци за што поскоро отстранување на овој проблем.

Советот на општина Новаци го разгледа Барањето и **едногласно** донесоа Заклучок за усвојување на Барање од жители на Горна маала во с. Новаци.

15 точка: Разгледување на Изјава од Дијана Премчевска - Котевска, член на Управен одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци;

Дијана Премчевска – Котевска поднесе писмена изјава до Советот на Општина НОваци, со која бара да биде изземена како член од Управниот одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци.

Советот со **7 гласа за** донесе Одлука за разрешување на член на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

16 точка: Разгледување на Изјава од Ангела Петровска, член на Управен одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци;

Ангела Петровска достави изјава до советниците со која бара да го прекине членувањето во Управениот одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за** донесе Одлука за разрешување на член на Управен одбор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

17 точка: Разгледување и усвојување на Финансиска програма на ЗФК „Новаци 2005“- младинска школа за сезоната 2023/2024 год.;

ЗФК „Новаци 2005“ Новаци оваа сезона ќе се натпреварува во втора македонска лига. Младинската школа на ЗФК „Новаци 2005“ исто така ќе учествува во натпреварувачката сезона поради што се потребни финансиски средства во износ од 1 254.666,00 ден.

Советникот Котевски постави прашање до останатите членовите на Советот дали имаат информација колку деца од Општина Новаци се членови во младинската школа за која ЗФК „Новаци 2005“ бара финансисски средства. Исто така тој ги информира советниците повикувајќи се на неофицијални извори, има информација дека ниту едно дете кое е жител на Општина Новаци не е член во младинската школа.

По дискусијата која се разви за оваа точка Советот гласаше и со **6 гласа за и 1 глас против** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на финансиски средства на „ЗФК Новаци 2005“ – Новаци.

18 точка: Разгледување на Барање од Црковен одбор на црквата „Св. Петар и Павле“ од с. Горно Алгарци за градежен материјал - песок.

Црковниот одбор на црквата „Св. Петар и Павле“ од с. Г. Агларци достави барање до Советот за градежен материјал - песок, кој им е потребен за изведба на реконструктивни зафати.

Советот го разгледа барањето и со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиска помош во градежен материјал - песок за црквата „Св. Петар и Павле“ во с.Горно Агларци

19 точка: Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дополнетиот и изменет Дневен ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 33-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска